ЈУ Меѓуопштински центар за социјална
работа на град Скопје
IP Qendra ndërkomunale për punë
sociale e Qytetit të Shkupit
Скопје-Shkup
Бр./Nr. 03-2342/11
13-11-2019 20

Врз основа на член 193 од Законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ бр.104/19, бр.146/19), Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје донесе

## РЕШЕНИЕ
## за формирање на Совет на корисници

1. Се формира Совет на корисници во следниот состав
   - Лиле Давидовска, дипломиран социјален работник,
   - Лилјана Алексова, дипломиран економист
   - Жан Точко, култоролошки техничар
   - Марија Стојчевска, дипломиран социјален работник
   - Сандра Зорба Аспровска, дипломиран правник,
2. Мандатот на членовите на Советот на корисници трае четири години. На член на Советот на корисници мандатот може да му престане и пред истекот, доколку го изгуби статусот на корисник на право или услуга од надлежност на установата и по лично барање.
3. Надлежности на Советот на корисници се:
- предлага програми за подобрување на работата и стандардите на установата
- предлага член на Управен одбор од редот на своите членови
- дава предлози и мислења до директорот и управниот одбор за други прашања што се од интерес за корисниците и установата.
4. Работата на Советот на корисници се регулира со Деловникот за работа на Советот на корисници.
5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје постапувајќи по службена должност согласно своите надлежности утврдени во Законот за социјална заштита и во Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје на ден 29.10.2019 година објави јавен повик за формирање на Совет на корисници бр.03-2342/1 од 28.10.2019 година.

Согласно член 193 од Законот за социјалната заштита и член 34, став 4 од Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје бр.01-1289/4 од 19.06.2019 година, Директорот со Решение за формирање на комисија за совет на корисници бр.03-2342/2 од 30.10.2019 година формира комисија за спроведување на постапката за избор на членови на Совет на корисници.

Комисијата согласно точка 2 од Решението, до Директорот достави предлог за избор на членови на Советот на корисници.

Согласно член 193 од Законот за социјалната заштита и Предлогот од Комисијата Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА:Против ова решение не е дозволена жалба, но може да се поднесе тужба до надлежен основен суд во рок од 15 дена.

Доставено до:

- Претседател на комисија за спроведување на постапката за избор на членови на Совет на корисници
- Членови на Совет на корисници
  - Лиљe Давидовска
  - Лилјана Алексова
  - Жан Точко
  - Марија Стојчевска
  - Сандра Зорба Аспровска
- Предмет по јавен повик
- Архива

Директор
Наташа Станојевиќ